РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-927/3
04-05-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата бр. 12-927/1 од 24.02.2026 година, поднесена во врска со постапка за враќање на национализирано земјиште во локалитетот ----, с. ----, ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со идентични наводи.

ДКСК одлучи да достави Препорака до Владата на РСМ за преиспитување на донесената Одлуката за ----- од 16.06.1997 година.

Предметот со бр. 12-927/1 од 24.02.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr 3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 24.02.2026 година, поднесена е пријава во врска со постапка за враќање на национализирано земјиште во локалитетот ---- и оформен е предмет бр. 12-927/1 од 24.02.2026 година.

Во пријавата се наведува дека станувало збор за две парцели со вкупна површина од ----$м^2$, одземени во процесот на национализација, за кои подносителот водел постапка за денационализација. Навел и дека постапката се одолговлекувала со години низ институциите и повеќе комисии надлежни за одлучување во процесот на денационализација. По донесена одлука за враќање на имотот, непосредно пред правосилноста била поднесена жалба од надлежен орган, со што се спречило враќањето и наместо враќање на имотот, бил понуден паричен надомест значително под реалната вредност. Предметниот простор денес функционира како автокамп и остварувал значителни приходи, додека сопствениците се лишени од правото на користење и располагање со имотот. Дополнително, согласно Законот за денационализација, имотот за кој се води постапката за враќање не смеел да се користи за стопанска дејност, што отворало сериозно прашање за законитоста на функционирањето на ---- на предметниот простор.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по слични наводи како од посочената пријава, во предмет со бр. 12-----/1 од 22.04.2021 година, по кој предмет на ----та седницата на ДКСК, одржана на 25.10.2022 година, ДКСК констатирала дека наводите од пријавата кои се однесувале на самата постапка за денационализација, наводното одолговлекување на постапката и несоодветна вредност на земјиштето од споменатата локација, не се потврдувале и немало елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и дека за предметниот случај во тек биле постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи. Дополнително, во однос на одлуката за распределба на земјиштето на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Комплексот "----" ----донесена на ден 16.06.1997 година од страна на Владата на РМ, со која спорното земјиште било дадено на трајно користење во период кога АД "----" било во државна сопственост, но по приватизирањето на друштвото, истото продолжило да има корисничко право на земјиште и да го изнајмува на други правни лица врз основа на соодветни договори и притоа да прибавува имотна корист, ДКСК одлучила да достави Препорака до Владата на РСМ за преиспитување на донесената Одлуката за ---- од 16.06.1997 година.

Владата на РСМ со допис – Известување Наш бр. ---- од 21.11.2023 година, доставила мислење од надлежна институција – Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи. Во истото укажале дека во однос на доставената Одлука за ---- од 16.06.1997 година како и Извадокот од Нацрт Записникот од Третата седница на Владата на донесена од страна на Владата на Република Македонија, не биле во можност да се произнесат на изнесеното прашање и воедно да предложат соодветни решенија, од причини што горенаведената Одлука за ---- од 16.06.1997 година била донесена од врз основа на член 17-б од Законот за промет со земјиште и згради ("Службен весник на РМ", бр.36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93), односно врз основа на Закон кој престанал да важи.

Од сето погоре наведено, ДКСК оцени дека пријавата нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со идентични наводи при чие постапување се исцрпени законските надлежности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Дополнително, во однос на Одлуката за ---- од 16.06.1997 година, со оглед дека е поминат одреден временски период, а до ДКСК сеуште пристигнуваат пријави во кои се оспорува одлуката и штетните незаконски последици кои истата сеуште ги произведува, ДКСК повторно одлучи да достави Препорака до Владата на РСМ за преиспитување на донесената Одлуката за ---- од 16.06.1997 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

**Доставено до:**
**-Подносител на пријава**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија